СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

25 октомври 2023 година

Коалиција на младински организации
СЕГА
Бр. 0302-197/1
25.10. 2023 год.
Прилеп

До:
Клуб за младински прашања и политики
Собрание на Р. С. Македонија

**Предмет:** **РЕАКЦИЈА НА КОАЛИЦИЈА СЕГА ПО ОДНОС НА ПРЕДЛОГ ТЕКСТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ**

Почитувани,

Коалиција на младински организации СЕГА, како национална чадор организација која во моментот обединува 28 младински организации и организации кои работат со млади, е крајно загрижена по однос на предлог текстот на Законот за измени и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики (во понатамошниот текст ЗМУМП) кој беше презентиран на тркалезната маса на 18 октомври 2023 година.

За поздравување е намерата да се унапреди ЗМУМП, особено што потекнува од собранискиот Клуб за младински прашања и политики, и се согласуваме дека неопходни се соодветни интервенции во Законот се со цел да се осигура соодветна примена на истиот и да се овозможи суштинско учество на младите како и можност за нивен личен развој. Стоиме на ставот дека неопходно е зацврстување на институционалната и системската рамка кои треба да се поставaт со Законот и дека неопходни се појаснувања и додефинирање на одредбите во ЗМУМП.

Сепак, следејќи ги предложените измени на Законот за младинско учество и младински политики се остава силен впечаток дека истите се изготвени во интерес на органите на државната управа а најмалку во интерес на младите за кои е и наменет овој Закон.

Во предложените измени особено сме загрижени во однос на воспоставување на локалните механизми за учество на младите како и воспоставувањето и функционирањето на локалните младински сервиси.

Убедени сме дека со вакви интервенции крајно ќе се уназадат сите напори за обезбедување на системско и суштинско учество на младите во одлучувањето и креирањето политики. Дополнително, предложените измени ќе имаат штетно влијание врз развојот на младинската работа во државата што ќе доведе до деградирање на професијата Работник со млади од една страна, но и ќе се овозможи нестручни и несоодветни кадри да спроведуваат младинска работа што е спротивно на појдовните напори за регулирање на младинската работа во нашата држава.

sega@sega.org.mk +389-48-429-390 Цар Самоил, 18, 7500 Прилеп

Крајно сме разочарани што во предложените измени не се земени во предвид забелешките, предлозите ниту сугестиите од младинските чадор организации СЕГА, НМСМ, ниту на Сојузот за младинска работа, а веруваме и на други организации вклучени во процесот.

Сметаме дека процесот е избрзан и неинклузивен, особено поради фактот што во истиот не се вклучени оние кои ги засега најмногу – МЛАДИТЕ, младинските работници и службениците за млади. Не може да зборуваме за закон за младинско учество без притоа да се даде простор младите активно да учествуваат во неговото креирање, унапредување и примена.

Предлагаме итно да се пристапи кон отворање на широк консултативен процес за измени и дополнувања на Законот, со учество првенствено на МЛАДИТЕ, младинскиот сектор, младинските работници и донесувачите на одлуки на локално и национално ниво. Не смее да се дозволи младите да бидат ДЕКОР во креирање на ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО и младински политики!

Коалиција на младински организации СЕГА ќе поддржи ваков процес, и стои на располагање со своите ресурси и организации членки за понатамошни консултации особено со најзасегнатата страна – МЛАДИТЕ, како и младинските работници и службениците за млади.

Во продолжение следи образложение на забелешките на Коалиција СЕГА по однос на предложените измени на членовите од ЗМУМП:

[1] Предложената измена на член 14 став 3 - целосно е неприфатливо за претседател на Советодавното тело да биде избран претставник од редот на органите на државната управа. Со тоа директно се пренесува моќта за функционалноста и влијанието на државата на ова тело.

[2] Со предлог измените на член 16, делумно се согласуваме дека со преземање на иницијативата за формирање на локалното собрание на млади од страна на локалната самоуправа може да има извесно влијание во воспоставување на локалните форми на младинско учество. Сепак, сметаме дека предложениот член не ги дефинира јасно начинот на распишување на повик, бројот на членови на локалното собрание на млади, начинот на селекција на млади итн., и оттука сметаме дека давањето на моќта на локалната самоуправа да одлучува по однос на изборот на членови на локалното собрание значајно може да влијае во пристрасноста на телото, како и понатамошна манипулација на младите кога станува збор за учеството. Сметаме дека моменталниот член кој го регулира локалното младинско собрание (член 18) многу попрецизно и појасно го дефинира локалното собрание за млади, неговата структура, начин на функционирање и мандат.

[3] Особено се алармантни предлог измените за Локалниот Младински Совет, со бришењето на минималниот број на членови на ЛМС (5). Со тоа се става во ризик пред се функционалноста на телото, но и остава значаен простор за манипулација на млади, политичко влијание и уназадување на суштинското учество на младите во процесите на креирање политики и донесување одлуки. Дотолку што ги става младите во позиција на декор.

[4] Со предлог измените на член 18 став 5, се поставува прашањето кој тоа избира претседател и заменик претседател на локалниот младински совет. Дали недореченоста во овој член,

доколку се усвојат овие измени би овозможила надворешни лица да изберат претседател на локалниот младински совет?

[5] Предлог измените на член 22 се категорично неприфатливи. Истите предвидуваат непроценливо негативно влијание во развојот на младинската работа, младинските центри и младинскиот активизам на локално ниво. Се ускратува правото на младите за квалитетна понуда за искористување на слободното време и квалитетно неформално образование обезбедено од страна на квалификувани работници за млади. Дополнително, со укинување на обврската секоја општина да воспостави центар се продлабочува дискриминацијата на и така маргинализираните млади особено од помалите урбани и рурални општини.

[6] Измените во член 23 не се прифатливи. Предложените измени се двосмислени и не обезбедуваат гаранција дека дури и „органите на државната управа кои во својата надлежност имаат области од интерес за младите" да назначат службеник за млади. Кој ќе оцени и процени дали еден орган на државната управа во својата надлежност има или нема област во интерес на младите?

[7] Во предлог измените на член 24 став 1, не е јасно дефинирано за кои сервиси за млади Агенција за млади и спорт е должна да развие подзаконски акт.

[8] Ги поздравуваме напорите за регулирање на надзорот на ЗМУМП со воведување на поглавје VIII-а, но сметаме дека понудените одредби се проформа и не нудат суштински надзор и отчетност за спроведувањето на Законот, ниту пак носат гаранција за доследно спроведување на одредбите од Законот од страна на одговорните.

[9] Под претпоставка дека член 12 и член 13 од предлог Законот за изменување и дополнување на ЗМУМП (драфт) се однесуваат на замена на поглавје IX Преодни и завршни одредби, сметаме дека истите не се сеопфатни и не дефинираат рокови за сите одредби од Законот (воспоставување на младински центри, назначување службеник за млади, канцеларија за млади и сл.). Што е поважно, со предложените преодни и завршни одредби не се нуди никаква гаранција за почитување ниту на роковите ниту на одредбите на Законот.

За крај, уште еднаш ја поздравуваме иницијативата на членовите на Клубот за младински прашања и младински политики во Собранието кои утврдиле дека има недостатоци во примена на ЗМУМП. Воедно, ги охрабруваме пратениците од Клубот да го продолжат процесот на консултации за измени и дополнувања на ЗМУМП со соодветни методи за вклучување на младите во креирањето на политики.

Уште еднаш потсетуваме дека Коалиција СЕГА ќе поддржи ваков процес, и стои на располагање со своите ресурси и организации членки за понатамошни консултации со младите, младинските работници и службениците за млади.

Независно од формата и временската рамка за консултации за која ќе се одлучи Клубот, како што веќе ја известивме јавноста, Коалиција СЕГА ќе продолжи со идентификување на потребите за интервенција и активно вклучување на младите, младинскиот сектор и донесувачите на одлуки во давањето на предлог решенија за унапредување на ЗМУМП, согласно утврдената методологија и временска рамка.

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Подготвени сме за средба на која дополнително би ги образложиле нашите ставови како и предлози за проширување на дијалогот со младите и младинскиот сектор за унапредување на Законот.

Со почит,

**Зоран Илиески**

Извршен Директор
Коалиција на младински организации СЕГА

sega@sega.org.mk +389-48-429-390 Цар Самоил, 18, 7500 Прилеп